ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-6124/23
Дата, Data 09-08-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“ бр.12/2019) и член 31 од Статутот на ЈП Водовод и канализација-Скопје, а согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 185/2021 од 06.08.2021 година) донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Постапката по Јавниот оглас бр.13/2021 за работното место под реден број 1. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домакинство во Сектор Наплата – 2 извршители, се става во МИРУВАЊЕ до денот на завршување на изборот на членови Советот на градот Скопје и за градоначалник на градот Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Одлука бр.0401-6124/1 од 05.07.2021 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, се објави Јавен оглас бр.13/2021 за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за работното место под реден број 1. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домакинство во Сектор Наплата – 2 извршители.

Во член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека: „Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје до денот на завршувањето на изборот на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.

Постапувајќи по наведената законска одредба, директорот на ЈП Водовод и канализација –Скопје донесе Решение за мирување на постапката по Јавниот оглас бр.13/2021 за работното место под реден број 1. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домакинство во Сектор Наплата – 2 извршители, а по престанокот на мирувањето постапката ќе продолжи согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Врз основа на горенаведеното, се донесе Решение како во диспозитивот.

ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски

Доставено до:
- Сектор Човечки ресурси
- Архива на директор
- Архива

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ SHKUP